# ВОДИЧ

## ДОГОВОРОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ И ДРУШТВОТО (МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР)

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Совет за Корпоративно Управување
Corporate Governance Council

CG&CL project

Во соработка со проектот "Корпоративно управување и Законот за трговските друштва" од **USAID**

Скопје 2005

Подготвил:
**Доц. Др. Горан Коевски**

Издавач:
**Здружение на правници од стопанството на РМ**
**Совет за корпоративно управување**

Уредувачки одбор:
**Проф. Др. Тито Беличанец,**
редовен професор на Правниот факултет во Скопје
**Самир Латиф,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Др. Грегори Ф. Масен,**
директор на проектот CG & CL
**Дерил Браун,**
сениор правен советник при проектот CG & CL Марија
**Игњатова Ѓошева,**
правен советник при проектот CG & CL

Тираж:
1000 примероци

Печати:
Алма Печатница

Скопје 2005

# 1. Вовед

На прашањето кои договори спаѓаат во групата договори за уредување на односите меѓу член на орган на управување и друштвото, веднаш ќе упатиме на релевантните дефиниции дадени во Законот за трговските друштва од 2004 година:

„**Договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител**” е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот[1] **[член 3(1)12)]**.

„**Договор за уредување на односите со раководно лице**” е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото, претставувано од органот на управување, и раководното лице **[член 3(1)13)].**

Во понатамошниот текст на двата договори ќе се реферира или како на **“Договори за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото”** или како на "**менаџерски договори".**

---

[1] По исклучок, во акционерските друштва коишто имаат основна главнина помала од 150.000 ЕВРА во денарска противвредност, наместо управен одбор може да биде избран управител, со сите права и обврски што ги има управниот одбор. Види: член 374(2) од ЗТД.

## 2. Дилеми што се јавуваат при воведување нови правни институти во практиката

2.1. Дали менаџерските договри се **уредени, именувани договори** со нашето позитивно, македонско право или се работи за се уште **неименувани, неуредени, *sui generis* автономни договори** кои, повеќе или помалку, зависат од волјата на договорните страни и на кои нема да се применува посебниот режим на Законот за работни односи или Законот за пензиско и инвалидско осигурување, туку повеќе општите начела на договорното право (договор за дело или слично)?

2.2. Дали отказот и оставката се институти карактеристични исклучиво за трудовото право или, кога се работи за мена-џерските договори, сега за сега, *de facto* ќе се работи едноставно за еднostран раскин на најобичен договор од облигационото право, од страна на рамноправните договорни страни?

2.3. Дали за извршните членови на одборот на директори или за членовите на управниот одбор можете да зборувате за **вршители на одредена функција**, кои имаат **мандат или само како за вршители на одредено дело (од интелектуална природа)**, на кои нема потреба особено да им се дава посебна правна заштита?

2.4. Постои ли разлика помеѓу поимите менаџмент, менаџер и менаџерски договор?

2.5. Дали сите членови на управниот одбор се менаџери или не?

2.6. Дали мора да постојат раководни лица - менаџери од пониско ниво, покрај членовите на управниот одбор?

2.7. Дали секој менаџер мора да склучи менаџерски договор или менаџерот може да е вработен на друго место (надвор од друштвото каде што е избран) и да биде *ad hoc* менаџер по свикување во друштвото каде што е избран?

2.8. Дали менаџерот, односно член на управниот одбор или извршен член на одбор на директори работи со полно работно време?

## 3. Важни прашања за да се разберат договорите за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото

### 3.1. Зошто законодавецот се определил за два вида договори за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото?

Одговорот е едноставен. Договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител ги уредува односите со таканаречениот **“повисок менаџмент или менаџмент на повисоко управувачко ниво”,** додека со договорот за уредување на односите со раководно лице се уредуваат односите со **менаџерите на пониско ниво**.

Во секој случај, потребно е да се знае дека **и едните и другите се сметаат за менаџери.** Работа на креативност на изработувачите на статутот, колективниот договор на ниво на друштвото или другите интерни акти на друштвото е како ќе ги наречат овие лица за да биде јасно за менаџер од кое ниво се работи. На пример: ”главен извршен директор” (”chief executive director”), ”генерален директор” за менаџерите од највисоко ниво, ”извршен директор” (”executive director”) за менаџерите од средно ниво, ”раководител на сектор” или ”раководител на погон, работна единица” за менаџери од најниско ниво и слично.

Ова е од посебна важност ако се знае дека извршните членови, односно членовите на управниот одбор, заради извршување на своите овластувања утврени со Законот за трговските друштва, **можат, но не мораат** да назначат раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на извршните членови на одборот на директори **[член 371(5)].** Тоа значи дека **менаџерите од највисоко ниво можат да склучуваат договори со менаџерите од пониско ниво** и, секако, треба да одговараат за нивниот избор и работа. Ако не се склучат договори со раководни лица,

тогаш единствени менаџери во друштвото ќе останат членовите на органот на управување.

**3.2. Кој е работноправниот статус на извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител**

Правата и обврските од работниот однос што ги стекнал извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител **кој пред изборот бил во работен однос во друштвото**, утврдени со договор за работа, **му мируваат.** Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице **[член 366(1)].**

**Дилеми 1:** Дали ако извршниот член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот не биле во работен однос во друштвото во кое се избрани, туку биле или се во работен однос во друго друштво или правно лице, нивниот работен однос ќе мирува или не? Дали невработено лице може да биде избрано за извршен член на одбор на директори, член на управниот одбор, односно управител без засновање работен однос, односно само преку склучување договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот или договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото, претставувано од органот на управување, и раководното лице?

Извршниот член на одборот на директори, членот на управниот одбор, односно управителот за времето за кое што е избран, **освен ако функцијата ја врши без засновање работен однос**, правата од работен однос ги остварува според условите утврдени во договорот за уредување на односите меѓу извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител и друштвото, во согласност со овој закон **[член 366(2)].**

**Дилема2:** Што значи одредницата “(...) **освен ако функцијата ја врши без засновање работен однос”?**

Тоа би значело дека извршниот член на одборот на директори, членот на управниот одбор, односно управителот своите работи можат да ги вршат своите права и обврски и без засновање работен однос.

Од друга страна, според Законот за трговските друштва на извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно на управителот и на раководните лица **не се применуваат одредбите од колективните договори како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на засновањето и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците.** Правата од овие одредби од Законот за работни односи, овие лица ги остваруваат на начинот и според условите утврдени во договорот од член 350 од законот и договорот од **став 3 на член 366(4).**

Значи, според Законот за трговски друштва постојат права од работен однос, но не и класичен работен однос со договор за работа, туку со склучување посебни договори со друштвото, преку кои можат да се уредат сите или некои од правата од работен однос.

**Договорот за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото е тој посебен *sui generis* правен инструмент, односно акт со кој правно се обликува волјата меѓу друштвото и менаџерот.**

Сметаме дека одредницата "(...) **освен ако функцијата ја врши без засновање работен однос"** би можело да се однесува само за исклучокот предвиден во член 346(2), кога се определува дека извршен член на одборот на директори и член на управниот одбор не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон. Значи, **само по исклучок, извршен член на одборот на директори и член на управниот одбор може да врши функција и**

**без засновање работен однос, кога правата и обврските ги врши во повеќе од едно друштво.** Иако, изречно не се споменува и управителот, сметаме дека и на него би требало да се применува овој исклучок.

Погоре изнесеното има своја логика ако се имаат предвид одредбите од Законот за трговските друштва **[член 371(1)]** и **[375(1)(2)],** според кои извршните членови на одборот на директори и членовите на управниот одбор се должни за водењето на работите и **на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности во име на друштвото**. Не може едно физичко лице ниту физички, ниту ментално да биде лојално и исполнително во вршење на текови активности во повеќе од едно друштво.

### 3.3. Кои се правата и обврските во договорите за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото?

Може да се сретнат два вида договорни одредби кај договорите за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото: императивни и диспозитивни (по волја на договорните страни). На тоа упатува и самиот Законот за трговските друштва: "Правата и обврските, **покрај правата и обврските определени со овој закон**, можат да бидат определени **со договорот (350).**"

### 3.4. Кој го потпишува договорот и кој поднесува пријава за упис во трговскиот регистар?

Во името на друштвото, договорот со извршен член на одборот на директори **го склучуваат неизвршните членови** на одборот на директори, а **го потпишува претседателот на одборот на директори**, а договорот меѓу член на управниот одбор или управителот и друштвото **го склучува** надзорниот одбор, а **го потпишува претседателот на надзорниот одбор (350).**

Одборот на директори поднесува **пријава за упис во трговскиот регистар** на извршните членови овластени за

застапување на друштвото. Пријавата ја потпишуваат сите членови-на одборот на директори, освен ако членовите не дале писмено овластување на извршен член на одборот на директори да ја потпише пријавата. При уписот во трговскиот регистар извршните членови поднесуваат потписи - заверени согласно одредбите од законот **[член 371(4)].**

Од пренесените членови на Законот јасно произлегува дека договорите за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото прво се преговараат, потоа се склучуваат и потпишуваат, па дури на крајот доаѓа до нивна пријава за упис во трговскиот регистар.

**Би заклучиле: со потпишувањето на договорот за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото и поднесувањето на потписите во трговскиот регистрар, се исполнуваат условите за застапување по закон согласно законот (член 65 од ЗТД) и нема потреба од дополнителни услови за вршење на застапничките овластувања (како на пример, вработување во друштвото согласно Законот за работни односи и слично).**

### 3.5. Каква е формата на договорот за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото?

Иако законот ништо не вели во поглед на формата на менаџерскиот договор, сметаме дека тој треба да биде во писмена доказна форма *ad probationem.*

### 3.6. Обврски утврдени со закон

* Членот на органот на управувањето е должен овластувањата што му се дадени со овој закон и со статутот да ги врши во интерес на друштвото и во интерес на акционерите со **внимание на уреден и совесен трговец**, и **не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на органот на управување, односно на надзорен одбор [361(1)]**.

* Обврска за чување **деловна тајна** во текот ("in-term") **и по престанувањето на мандатот** ("post-term") во органот на управувањето, односно во надзорниот одбор, во согласност

со обврските преземени во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот **[361(2)(3)]**.

* **Забрана на конкуренција**, која се состои во тоа што членовите на одборот на директори не смеат: за своја или за туѓа сметка да вршат работи коишто спаѓаат во предметот на работење на друштвото; да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице; во просториите на друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка **(348)**.

* Обврска за **откривање судир на интереси** и почитување на постапката за откривање и одобрување зделки со заинтересирана страна **(349, 457, 459 и 460)**.

**3.6.а) Колективни законски обврски**

* **Обврска за поднесување извештај (352)**. Извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот најмалку еднаш во три месеца му поднесуваат на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор пишан извештај за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

На барање на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно упра-вителот составуваат посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

* **Подготвување и спроведување на одлуките на собранието (353)**. Органот на управување, при подготвување и спроведување на одлуките на собранието, особено е должен: на барање на собранието да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на собрани-

ето; да ги подготви договорите коишто можат да се склучат само со согласност на собранието; да ги извршува одлуките коишто собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност; и да врши и други работи коишто со овој закон ги има спрема собранието и што се во рамките на неговата надлежност.

* **Обврска во случај на загуба, на презадолженост и на неспособност за плаќање (354).** Ако друштвтоо во текот на работењето, а особено ако според тримесечната или полугодишната пресметка, односно годишната сметка покажува нова загуба, поголема од 30% од вредноста на имотот на друштвото, односно 50% од основната главнина, извршните членови на одборот на директори, односно управниот одбор мора веднаш да подготват извештај во писмена форма во којшто ќе ги објаснат причините за загубата и ќе предложат мерки со коишто загубата ќе биде покриена. Извештајот се одобрува од одборот на директори, односно од надзорниот одбор. Во рок од 48 часа од сознавањето дека друштвото покажало загуба, органот на управување свикува собрание на кое ќе ги извести акционерите за состојбата и за преземените мерки.

Ако настапи околност којашто со законот е определена како услов за отворање на стечајна постапка, органот на управување, најдоцна во рок од 21 ден од денот на настанувањето на условот за отворање стечајна постапка, свикува собрание на коешто ги известува акционерите за состојбата и за преземените мерки како и за мерките што треба да бидат преземени и одобрени од акционерите на собранието.

По настапувањето неспособност за плаќање на друштвото или негова презадолженост, органот на управување не смее да предлага или да врши исплати, освен плаќања коишто се неопходни за редовно работење на друштвото и коишто се вршат со внимание на совесен и уреден трговец.

### 3.7. Права утврдени со закон

* Правата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот **се уредуваат со договорот**, соодветно на видот и обемот на доверените задачи, **работноправен статус** и на нивниот **личен придонес во успешноста на работењето на друштвото [член 365(4)].**

* Членовите на органот на управување, односно управителот, во согласност со нивната положба, определена со овој закон, **имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот [351(1)].**

* Извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот имаат **право на плата**, **односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права [член 365(2)].**

Овие менаџерски права на извршните членови во одборот на директори се утврдуваат од страна на неизвршните членови, а за членовите на управниот одбор од страна на надзорниот одбор при склучувањето на менаџерскиот договор. Се поставува прашањето како акционерите ќе ги контролираат овие исплати. Одговорот може да се најде посредно. Имено, **на годишното собрание во годишниот извештај на друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор** (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права)**[384(2)(7)]**.

* За работата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, **собранието** може, со одлука, **да им одобри и учество во добивката** [член 365(3)].

* Во договорот се определуваат и ситуациите кога се смета дека **значително е влошена финансиската состојба на друштвото**, заради што **примањата** на членот на органот на управување претставуваат **голем товар за друштвото**, заради

што **собранието**, неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор можат да ги **намалат вкупните примања и други права** на членот на органот на управување.

* Средствата што се исплатуваат на членовите на органот на управување, на управителот, односно на надзорниот одбор **се трошоци на работењето на друштвото**. За **посебно доверени работи** што, за друштвото, ги извршил член на органот на управување, односно управител или член на надзорен одбор може да му се признае **дополнителна награда**, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето **[член 365(6)]**. Се поставува прашањето кој ќе одлучува за овие дополнителни награди, ако има доста време до закажување годишно собрание и дали овие одлуки ќе подлежат на задолжително одобрение на наредното собрание, како посебна точка на дневен ред, а не како дел од годишниот извештај? Одговорот веќе го споменавме. На наредното годишно собрание во годишниот извештај за работа мора да се објават сите примања на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор **[384(2)(7)]**.

* Извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управител **кој е отповикан има право да бара надомест на штета ако така е определено во менаџерскиот договор од член 350 од законот [363(5)]**.

* Член на органот на управување, со изјава заверена пред нотар, **може да поднесе оставка** во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго. По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање **[364(1)(2)(3)]**.

### 3.8. Специфични ограничувања на права и дополнителни одобрувања

* Друштвото **не може да дава кредит на член на органот на управување,** на член на надзорниот одбор,

односно на управител и на членови на нивните потесни семејства ниту на член на орган на управување, на надзорен одбор, односно на управителот на зависно друштво или на член на неговото потесно семејство. Под забраната **не се опфатени обврските кои друштвото ги презело со договорот од член 350** од овој закон ако **одлуката ја потврди собранието со две третини од акциите со право на глас,** претставени на собранието **[член 365(7)]**.

* Договорите **меѓу единствениот акционер и друштвото кога единствениот акционер е, истовремено, и единствен застапник по закон** на друштвото **мораат да бидат внесени во записник или да бидат склучени во писмена форма [член 416(2)]**. Слична одредба е предвидена и за друштвото со ограничена одговорност во член **243(3**) за договорите меѓу единствениот содружник и друштвото во коешто единствениот содружник е, истовремено, и управител.

* Извршен член на одборот на директори и член на управниот одбор **не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон [член 346(2)]**.

* Извршен член на одборот на директори и член на управен одбор може да биде избран за неизвршен член како и за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија **[член 346(3)]**.

* За извршен член на одборот на директори не може да биде избран член на одборот на директорите кој е избран како независен (истовремено и неизвршен) член на одборот на директори **[член 367(4)]**.

* Ни едно лице во исто време не може да биде член на управен одбор, односно управител и член на надзорен одбор (се мисли во исто друштво) **[374(5)]**.

**3.9. Кои се овластувања на извршните членови на одборот на директори?**

**Општи овластувања [член 371(1)]** Со исклучок на овластувањата за коишто со закон е изречно определено дека ги врши одборот на директори, односно дека не можат да се пренесат врз извршните членови (373) **извршните членови** го водат работењето на друштвото и имаат **најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со (1) раководењето, (2) спроведувањето на одлуките на одборот на директори и (3) вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности во името на друштвото**.

**Посебни овластувања [член 371(2)]** - одборот на директори им го доверува на извршните членови **застапувањето на друштвото во односите со трети лица**.

**3.10. Кои се овластувања на членови на управен одбор?**

**Општи овластувања на управен одбор [375(1)(2)]** Управниот одбор управува со друштвото и, во тие рамки, го води работењето на друштвото под сопствена одговорност. **Управниот одбор има најшироки овластувања во (1) управувањето со друштвото** (доколку не се работи за работи за кои треба претходна согласност од надзорниот одбор - **член 376**), **односно во (2) вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и (3) да дејствува во сите околности во име на друштвото (4) во рамките на предметот на работењето на друштвото, (5) со исклучок на овластувањата коишто изречно му се дадени на собранието и на надзорниот одбор.** Сите членови на управниот одбор ги водат и ги вршат работите заедно. Со статутот може да се одреди и поинаков начин на водење и на вршење на овие работи.

**Посебни овластувања на управниот одбор (377)** - членовите на управниот одбор **го застапуваат друштвото во односите со трети лица** заеднички, освен ако со статутот не е

поинаку определено. Управниот одбор, со одобрение на надзорниот одбор, може да овласти еден или повеќе членови на управниот одбор да го застапуваат друштвото. Во тој случај, другите членови на управниот одбор се исклучени од застапувањето. Овластувањето за застапувањето може да биде повлечено во секое време од надзорниот одбор. Управниот одбор поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на членовите на управниот одбор овластени за застапување на друштвото. Членовите на управниот одбор коишто го застапуваат друштвото можат да го носат називот генерален директор или друг назив.

На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото, освен ако со Законот за трговските друштва не е поинаку определено **[380(3)]**.

**3.11. Која е одговорноста на членовите на органот на управување?**

Ако членовите на органот на управување ги повредат своите обврски, му одговараат на друштвото за причинетата штета **како солидарни должници ако не работеле и постапувале со внимание на уреден и совесен трговец** (освен ако го издвоил своето мислење во записникот) **[362(1)]**.

Ако член на органот на управување **грубо ја повреди својата должност да постапува со внимание на уреден и совесен трговец, барање за надомест на штета** можат да поднесат и доверителите на друштвото ако своите побарувања не можат да ги намират од друштвото **[362 (4)]**.

Ако членот на одборот на директори, односно на управниот одбор постапи **спротивно на забраните што ги содржи клаузулата за забрана на конкуренција** друштвото може: (1) да бара надомест на штета; или (2) да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка **[348(4)(5)]**.

Членовите на органот на управување солидарно им одговараат на доверителите и на акционерите за предизвиканата штета ако постапиле **спротивно на обврската во случај на загуба, на презадолженост и на неспособност за плаќање** од член **354** од законот.

**3.12. Престанок на договорот**

* **Истек на рокот на договорот.** Каков е односот помеѓу одредбите за рокот на кој се склучува договорот и мандатот на член на органот на управување?

Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, се избираат за период којшто се определува со статутот, но којшто не може да биде подолг од шест години. Ако во статутот не е определено траењето на мандатот на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот мандат изнесува четири години **[член 345(1)]**. Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани, освен ако со статутот не е поинаку определено **[член 345(2)]**.

Како да се толкува одредницата "(...) членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор" или дали под орган на управување покрај неизвршните, се подразбираат и извршните членови на одборот на директори односно членовите на управниот одбор?

За членовите на управниот одбор е јасно, бидејќи ЗТД јасно вели дека тие се бираат од страна на надзорниот одбор **[374(3)]**, па рокот на договорот, ако не во статутот или друг интерен општ акт на друштвото, ќе се утврди од страна на надзорниот одбор во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и член на управниот одбор.

Кај извршните членови состојбата е покомплицирана. Имено, собранието ги избира членовите на одборот на директори. Од членовите веќе избрани во одборот на директори, одборот на директорите назначува еден или повеќе извршни членови на одборот на директори. Бројот на извр-

шните членови мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на одборот на директори **[член 367(2)(3)(4)]**. Тука, веќе собранието може со статутот да го утврди мандатот на сите членови на одборот на директори, независно дали извршни или неизвршни, согласно одредбата од член 345.

* **Откажување на договорот [член 365(5)]** Со намалување на примањата заради значително влошена финансиска состојба на друштвото, односите меѓу член на органот на управување и друштвото остануваат непроменети, а извршниот член на одборот на директорите, односно член на управниот одбор **може да го откаже договорот и даде оставка** најрано до крајот на следното тримесечје, со отказен рок кој не може да биде покус од триесет дена, освен ако собранието, неизвршните членови на одборот на директори, односно надзорниот одбор не прифати покус рок.

* **Еднострано раскинување на договорот пред истекот на рокот преку отповикување на извршен член на одборот на директорите [363(2)]**. Извршен член на одборот на директорите **може да биде отповикан од страна на одборот на директорите во кое било време**, со или без образложение. На отповиканиот извршен член **му мирува својството** на член во одборот на директорите до наредното собрание на коешто ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран.

* **Еднострано раскинување на договорот пред истекот на рокот преку отповикување на сите членови на одборот на директори од страна на собранието на акционери [363(1)(3)(9)]**. Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, пред истекот на времето за коешто биле избрани. Ако собранието донело одлука за отповикување на сите членови на одборот на директорите, односно на нивен член, на истата седница избира нови членови на одборот на директорите, (..) и ако на собранието на акционерите, во писмена форма, им се доставаат податоците за кандидатите коишто треба да бидат бирани. Ако

собранието отповикува повеќе од еден член на одборот на директорите, се пристапува кон гласање за отповикување на сите членови на одборот на директорите. Одлуката на собранието за отповикување на одборот на директорите или на надзорниот одбор, односно на нивен член влегува во сила од денот на донесувањето. Решение за упис во трговскиот регистар, во согласност со одлуката на собранието, мора да биде донесено во рок од 48 часа од поднесувањето на пријавата.

* **Еднострано раскинување на договорот пред истекот на рокот поради неодобрување на работа од страна на собранието [384(8)].** Ако годишното собрание не ја одобри работата на органот на управување или на некои од членовите на овие органи на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на органот на управување или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на органот на управување на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок - не покус од осум дена и не подолг од петнаесет дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на годишното собрание.

Оттука, согласно ова законско решение, во голем дел, се релативизира прашањето за мандатот на членовите на органот на управување, од едноставна причина што уште при истекот на првата година од мандатот може да се случи собранието да не ја одобри работата на сите или дел од членовите на органот на управување и на тој начин законската или статутарна претпоставка за должината на мандатот да нема никакво правно значење.

* **Еднострано раскинување на договорот пред истекот на рокот кога надзорниот одбор во кое било време, со или без образложение, ги отповикува сите членови на управниот**

**одбор, односно негов член.** Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на управниот одбор (за разлика од одборот на диретори), односно нов член на местото на отповиканите членови, односно на отповиканиот член. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето **[363(4)]**.

* **Оставка.** Член на органот на управување, со изјава заверена пред нотар, **може да поднесе оставка** во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго. По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање **[364(1)(2)(3)]**.

### 3.13. Работноправен статус на лица со посебни овластувања и одговорности - договор за уредување на односите со раководно лице

Извршните членови, заради извршување на своите овластувања утврени со Законот **[член 371(1)],** можат **(но не мораат)** да назначат раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на извршните членови на одборот на директори **[член 371(5)]**.

Управниот одбор, заради извршување на овластувањата од став 1 на овој член, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на управниот одбор **[член 375(3)]**.

На лицата кои со одлука на органот на управување се назначени како лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) правата и обврските од работниот однос што ги стекнале пред изборот, а биле во работен однос во друштвото, утврдени со договор за работа, им мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице **[член 366(1)]**.

Раководните лица ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за

уредување на односот меѓу органот на управување и раководното лице (**договор за уредување на односите со раководно лице**). Со договорот за уредување на односите со раководно лице се уредуваат: платата, надоместоците, учество во добивката, надоместот на трошоците, надоместот за осигурување на живот и на други видови осигурување и другите права од работен однос. Определувањето на видот и обемот на вкупните примања и на другите права и обврски од работен однос на раководно лице е соодветно на видот и обемот на доверените задачи и на одговорноста на раководното лице како и на неговиот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото. Во името на органот на управување, договорот со раководното лице го потпишува претседателот на органот на управување **[член 366(3)]**.

На раководните лица **не се применуваат одредбите од колективните договори како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на засновањето и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците.** Правата од овие одредби од Законот за работни односи, овие лица ги остваруваат на начинот и според условите утврдени во договорот **за уредување на односите со раководно лице [член 366(4)]**.

### 3.14. Обем на примена на одредбите за договорите со управители и други раководни лица на други видови трговски друштва

Одредбите од членовите 365 и 366 соодветно се применуваат и на управителот во другите форми на трговски друштва, на начинот и под условите определени со договорот за друштвото, освен ако функцијата ја вршат без засновање работен однос **[член 366(5)].**

И во делот од законот каде што се уредува друштвото со ограничена одговорност е уредено дека собирот на содружници одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот **[член 215(1)2)].** Во договорот меѓу

друштвото и управителот се уредува и прашањето за надомест на штета на отповикан управител **[член 242(5)].**

При основањето на друштвото со ограничена одговорност, првиот управител може да биде назначен со договорот за друштвото. Ако за управител се избира содружник, мандатот може да му трае додека му трае содружничкиот однос. Ако во договорот за друштвото не е определено времето за коешто се избира управител кој не е содружник, се смета дека е избран за време од четири години. Управителот може да биде повторно избран без разлика на тоа колку мандати бил избран, освен ако со договорот за друштвото не е поинаку определено. **[232(2)(3)(4)(5)]**

### 3.15. Детален или скромен менаџерски договор

Конечно, се поставува прашањето дали да се склучуваат детални и опширни менаџерски договори или во договорите да се уреди само она што е материја од диспозитивна природа и зависи од волјата на договорните страни, а само да се упати на задолжителната примена на императивните законски норми?

Можни се двата пристапи, но сметаме дека во интерес на правната сигурност како внатре во друштвото, така и надвор кон третите совесни лица, подобро е овие договори да бидат што подетални и израз на креативноста на договорните страни, отколку подоцна да се нагаѓа која била вистинската волја на договорните страни, било од нив самите било од страна на судот.

## 4. Препораки

Веќе споменавме погоре во текстот дека менаџерските права и обврски, покрај правата и обврските определени со овој закон, **можат да бидат определени со договорот (350)**.

Оттука, за да се добијат некои дополнителни корисни идеи за диспозитивната содржина на најразлични видови менаџерски договори, би упатиле на следната веб страница:

http://contracts.corporate.findlaw.com/type/compensation/employment.html

Понатаму, сметаме дека Законот за работни односи би требало да се услогласи со Законот за трговските друштва, со тоа што договорите за уредување на односите меѓу член на органот на управување и друштвото, со сите свои посебности и специфики, би се уредиле во посебен дел од Законот за работни односи.

Овој водич претставува дел од серијалот на публикации за новиот Закон за трговски друштва подготвен од Здружението на правници од стопанството на РМ и Советот за корпоративно управување во соработка со **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва. Овие брошури и избрана литература може да ги најдете на www.maccorpgov.com.mk и www.mbla.org.mk.

Јазична поддршка од **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва:

Весна Миркоска, Главен лектор
Марија Стојановска
Ана Шошолчевска